# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 04 Год. XV 29 февруари 2012 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: 43-та седница

**Совет на општина Василево**

1. **ОДЛУКА** за утврдување на Нацрт - Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно - откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделските производи на дел од КП бр. 386 м.в. „Гладно поле” КО Градошорци - општина Василево.............................................02

2. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2011 г...........................................................................................................02

3. **ОДЛУКА** за учество на Општина Василево во Предлог - проектот поднесен до Бирото за регионален развој.........................................................................................04

4. **ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на барања за еднократна финансиска помош формирана при Советот на општина Василево за 2011 година.............................................................................04

5. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни материјали на Исламската верска заедница - Василево.................................................05

**Градоначалник на општина Василево**

6. **РЕШЕНИЕ** бр. 9/2012г за потреба од јавна набавка..................................................05

7. **РЕШЕНИЕ** бр. 10/2012г за потреба од јавна набавка................................................06

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за утврдување на Нацрт-Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП.бр. 386, м.в. ,,Гладно Поле" КО Градошорци - општина Василево ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година

Бр.08-440/2 Општина Василево
28.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------

Советот на општина Василево врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 точка 7 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), на својата редовна седница одржана на 28.02.2011 година ја донесе следната ,

**ОДЛУКА**
**за утврдување на Нацрт-Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП.бр. 386, м.в. ,,Гладно Поле'' КО Градошорци - општина Василево**

Член 1

Се утврдува Нацрт -Урбанистичкиот план вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП.бр. 386, м.в. ,,Гладно Поле“ КО Градошорци - Општина Васиелво со тех.број Е1011 од 2011 година изработен од Агенцијата за планирање на просторот на Република Македонија.

Член 2

Вкупната површина на опфатот е 68.859,26 m$^2$ , со граници : од север границата поминува покрај локален пат М-6 - Добрашинци , од исток КП.бр. 1834, од југ КП.бр.1706, од запад КП.бр.716, КП.бр.713, КП.бр.712, КП.бр.711, КП.бр.710, КП.бр.709,КП.бр.708 , КП.бр.706, КП.бр.707, КП.бр.701 и излегува на локален пат М-6 - Добрашинци

Член 3

Утврдениот Нацрт -Урбанистичкиот план вон населено место за стопански комплекс за производство, дистрибутивно-откупен центар за откуп, примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП.бр. 386, м.в. ,,Гладно Поле“ КО Градошорци - Општина Васиелво се доставува до Градоначалникот заради донесување на Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-440/1 Совет на општина Василево
28.02.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2011 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година

Бр. 08-441/2 Општина Василево
28.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 5/02), член 21 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 28.02.2012 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2011 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2011 година.

2. Составен дел на овој заклучок е Извештајот за реализација на програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Василево за 2011 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-441/1 Совет на општина Василево
28.02.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните петишта и улици во општина Василево за 2011 година**

Реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во текот на 2011 година се одвиваше во повеќе фази.

Потребните финансиски средства за реализација на истата беа обезбедени од повеќе извори и тоа од:

- Агенцијата за државни патишта износ од 2.274.222 денари;
- Буџетот на општина Василево износ од 12.705.304 денари.

Вкупно: 14.979.526 денари

За реализацијата на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во текот на 2011 година беа распишани тендери со Отворена постапка и се избрани најповолните попнудувачи.

1.Реализирана е изградбата (асфалтирање) на дел од локалниот пат Ангелци - Варварица, со фирмата Џови Компани ДТПУ с. Мокрино, во вкупен износ од 5.360.681 денари.

2.Реализирана е изградбата (асфалтирање) на дел од локалниот пат Градошорци - Требичино, со фирмата Гранит АД ГД Скопје, во вкупен износ од 5.593.933 денари.

3. Реализирана е изградбата (асфалтирање) на улица во населено место Василево, со фирмата ЈП Македонија пат - Скопје, во вкупен износ од 860.000 денари.

4. Извршена е поправка и санирање на ударни дупки на локални улици низ населени места со фирмата КИМ ДООЕЛ во износ од 717.912 денари.

5. Програмата во целост е реализирана во делот на Зимското одржување на патишта и улици во општина Василево во вкупен износ од 400.000 денари со ЈП Турија Василево.

6. Од одобрените средства од Агенцијата за државни патишта на РМ врз основа на кредитот на Владата на РМ од Светска банка се изврши изградба на локалниот пат Гечерлија - Чанаклија во должина од 330 метри.

Од погоре наведеното межеме да заклучиме дека средствата добиени од Агенцијата за државни патишта во износ од 2.274.222 денари се реализирани во целост согласно нивната намена.

Сите други работи предвидени во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во текот на 2011 година се реализирани од средствата на Буџетот на општина Василево во вкупен износ од 12.705.304 денари.

Бр. 08-332/1 Општина Василево
13.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за учеството на Општина Василево во Предлог-проектот поднесен до Бирото за регионален развој ,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година

Бр.08-442/2 Општина Василево
28.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---

Советот на општина Василево врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен гласник на ОВ“ бр.5/02)и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево - („Службен гласник“ на ОВ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), на својата редовна седница одржана на 28.02.2012 година ја донесе следната ,

**ОДЛУКА**
**за учеството на Општина Василево во Предлог-проектот поднесен до Бирото за регионален развој**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Василево го определува учеството на Општина Василево во Предлог-проектот поднесен до Бирото за регионален развој vo процентуален износ од 35% од вкупниот буџет на предлог проектот.

Член 2

Носител на проектот е општина Василево.

Член 3

Проектните активности по овој Предлог-проект се насочени кон изградба на дел од фекална канализација за село Владевци-општина Василево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Василево.

Бр.07-442/1 Совет на општина Василево
28.02.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на барања за еднократна финансиска помош формирана при Советот на општина Василево за 2011 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година

Бр.08-443/2 Општина Василево
28.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 5/02), член 21 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 28.02.2012 година донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на барања за еднократна финансиска помош формирана при Советот на општина Василево за 2011 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на барања за еднократна финансиска помош формирана при Советот на општина Василево за 2011 година.

2. Составен дел на овој заклучок е Извештајот за работата на Комисијата за разгледување на барања за еднократна финансиска помош формирана при Советот на општина Василево за 2011 година.

3.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-443/1 Совет на општина Василево
28.02.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 55 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни материјали на Исламската Верска Заедница - Василево,
што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 28.02.2012 година

Бр.08-268/1 Општина Василево
02.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 28.02.2012 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни материјали на Исламската Верска Заедница - Василево**

Член 1
Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува набавка на градежни материјали во износ од 10 000 денари на Исламската Верска Заедница - Василево .

Член 2
Градежните материјали утврдени во член 1 се одобруваат на Исламската Верска Заедница - Василево за изградба на ограден ѕид на објект за извршување на верски обреди.

Член 3
Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2012 година

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-444/1 Совет на општина Василево
28.02.2012г. Претседател,
Василево Лилјана Соларова с.р

* * *

Врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06и 09/10), Градоначалникот на Општина Василево донесе

**РЕШЕНИЕ бр.9 /2012**
**За потреба од јавна набавка**

Член 1
Со оваа Решение се утврдува потребата од јавна набавка на услуга - изработка на геодетски елаборат за времена експропријација за главен колектор од систем за фекална канализација на општина Васиелво .

Член 2
Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди без објавување оглас,во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11 ).

Член 3

Оваа набавка ќе биде внесена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година на општината и проценетата вредност на набавката е 300.00,00 денари..

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде:

- најниска цена 100 поени

Член 5

Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена,претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:

-Ацо Митев- претседател;
- Убавка Стојчева- зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

-Славе Андонов- член;
-Тони Ристов-зам.член;
-Каролина Додевска-член;
-Боби Величковски-зам.член;

Член 7

Оваа Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-413/1 Општина Василево
23.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р

* * *

Врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03, 08/06и 09/10), Градоначалникот на Општина Василево донесе

**РЕШЕНИЕ бр.10/2012**
**За потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потребата од јавна набавка на услуга - изработка на геодетски елаборат за Крак К-3 од фекален канализационен систем за с.Ангелци .

Член 2

Набавката ќе се спроведе со барање за прибирање на понуди без објавување оглас,во согласност со Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр. 136/07,130/08,97/10 и 53/11 ).

Член 3

Оваа набавка ќе биде внесена во Годишниот план за јавни набавки за 2012 година на општината и проценетата вредност на набавката е 300.00,00 денари..

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач ќе биде:

- најниска цена 100 поени

Член 5

Постапката за набавка ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена,претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:

-Ацо Митев- претседател;
- Убавка Стојчева- зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

-Славе Андонов- член;
-Тони Ристов-зам.член;
-Каролина Додевска-член;
-Боби Величковски-зам.член;

Член 7

Оваа Решение стапува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.08-414/1 Општина Василево
23.02.2012 г Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р